ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 05.12.2011 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска,** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Советник **Никола Граматиков** и Советник **Игор Додевски** .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:

Да се поделат до сите раководители образците за оценување на државни службеници , оценувањето да биде реално Јагода Николовска 5.12.2011

Спортските реквизити на фудбалското игралиште (фудбали ,дресови) да се утврди чија сопственост се и да се предадат (Бранко, Јагода и лице од ЈП Комуналец)

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

Одделение за инспекциски надзор

Да се најде стара донесена одлука и да се подготви одлука за совет во врска со наплата за одлагање на шут и Бранко Велиновски 05.12.2011

Да се одреди термин кога ќе се изврши обука на Комисијата за ажурирање на данокот на имот. Бранко Велиновски 05.12.2011

Во врска со изградбата на нови бунари да се нотираат сите активности кои се преземени за изградба на бунарите (ангажирање на скип, бушење и слично) Бранко Велиновски 5.12.2011

Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Да се договори состанок во министерство за образование во врска со превозот на учениците и начинот на користење на дониран автобус Јасминка Ангеловска 5.12.2011

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Да се изврши испитување на теренот за повеќенаменско игралиште по завршување на испитувањата за бунарите. Никола Граматиков 5.12.2011

Приритетно да се направи пристапен пат до локациите за бушотини за бунари, а по испитувањето да се поднесе барање за јавна набавка. *Александар Ангелов 05.12.2011*

Да се најде и реализира решение за струјата во дворот – паркиралиште на општината Александар Ангелов 5.12.2011

ЈП КОМУНАЛЕЦ

До наредниот колегиум да се испита и да се даде решение за решавањењ на проблемот за паркирање на возила на градските гробишта и за капелата. Цане Николовски 5.12.2011

Да се оствари состанок со давател на погребални услуги и да се види за договор 5.12.2011

Да се продолжи со постапката за обновување на водостопанска дозвола од Министерство за животна средина 5.12.2011

Да се направи увид и да се санира течењето на водата на цевководот кај фабриката за вода Цане Николовски

Да се изврши обиколка на теренот и да се направи согледување за потребниот број на капаци за шахти Цане Николовски

Изготвил И. Додевски Крива Паланка 05.12.2011 година

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Александар Ангелов	_____	Татјана Ѓоргиевска	_____
Добривој Николовски	_____	Цане Николовски	_____
Бранко Велиновски	_____		